# ЦЕЛИ НА РЕВИЗИЈАТА

Целта на ревизијата е обезбедување на објективна и реална оценка за тековните состојби за ефикасноста и ефективноста на системот на координација на развојот, воспоставувањето, спроведувањето и одржувањето на системот на хармонизација и надзор на финансиското управување и контрола, хармонизација и надзор на внатрешната ревизија и подготвување и донесување на подзаконски акти, прирачници и насоки.
Со ревизијата на успешност констатиравме ризични области кон кои ја насочивме ревизијата со цел да дадеме одговор на поставените ревизорски прашања кои се однесуваат на овој процес. Основната ревизорска цел на оваа ревизија е поставена во следното прашање:

**„Дали се преземени потребните активности за воспоставување и обезбедување на ефикасна и ефективна координација на развојот, воспоставувањето, спроведувањето и одржувањето на системот на јавна внатрешна финансиска контрола во субјектите од јавниот сектор.“**

За да може да одговори на поставената цел, ревизијата изврши анализа на областите кои имаат свое влијание врз имплементацијата, развојот и ефикасноста и ефективноста на системот на координација на развојот, воспоставувањето, спроведувањето и одржувањето на системот на јавна внатрешна финансиска контрола во Република Македонија и тоа:

- хармонизација и надзор на финансиското управување и контрола;
- хармонизација и надзор на внатрешната ревизија и
- подготвување и донесување на подзаконски акти, прирачници и насоки.

Според сознанијата до кои дојдовме при извршувањето на наведената ревизија на успешност и оценката на ризичните подрачја, сметаме дека со ревизијата на успешност може во задоволителен степен да се постигне идентификување на:

- клучните фактори кои влијаат на системот на координација на развојот, воспоставувањето, спроведувањето и одржувањето на системот на хармонизација;
- како и надзор, подготвување и донесување на подзаконските акти, прирачници и насоки;
- утврдување на причините за постојната состојба и
- давање препораки за надминување на утврдените слабости.

Ревизорскиот опфат и применетата методологија во процесот на спроведување на ревизијата на успешност се подетално објаснети во Прилог 1 - Опфат и методологија од овој извештај.